Назив на ЈЗУ Клиника за Гинекологија и акушерство

**Обука од 01.09.2014-21.11.2014 год. - Истанбул –Турција**

Стручно едуцирање во универзитетски клиники **Capa и Cerrahpasa Tip Facultesi Istanbul .**

**Istanbul Ünivrsitesi Çapa Tıp Fakültesi** -Клиниката за Гинекологија и Акушерство под менторство на Prof.Dr. Önay Yalçın.

**Istanbul Ünivrsitesi Cerrahpasa Tip Facultesi** –Клиниката за Гинекологија и Акушерство под менторство на Prof Dr. Semih Kaleli.

Име и презиме на лицето испратено на обука:

Др. Адриана Буклиоска

- Хистероскопијата и лапароскопијата претставуваат минимално инвазивни хируршки техники со кои се овозможува дијагностика и третман на многу гинеклошки болести и состојби.

*Лапароскопијата овозможува егзаминација на абдоминалните и пелвичните органи преку инсуфлирање на CO2-гас во абдомената празнина со што се овозможува дистендирање на истата. Се прават неколку (3-4) мали инцизии на абдоменот (обично со големина од 0,5-1,5 цм) низ кои се внесуваат портовите а низ нив инструментите и лапароскопска камера со која органите и структурите се зголемуваат со што попрецизно и попрегледно се прикажуваат во однос на отворената хируршка техника . Како дијагностичка процедура лапароскопијата овозможува земање биоптичен материјал од абдоминалните и пелвичните органи како и од лимфните јазли. Исто така овозможува и утврдување на причините за пелвичнат болка и некои гинеколошки симптоми кои со бимануелен и ултразвучен преглед не може да се потврдат. Како на пример, оваријални цисти, ендометриоза, ектопична бременост синехии околу тубите поради пелвична инфламаторна болест и слично. Во однос на инфертилитетот лапароскопијата нуди можност за иследување на гинеколошките органи (утерусот, овариумите и тубите), нивната форма , големина, поставеност, подвижност, сооднос со органите, присутни аномалии или некои патолошки состојби .


Laparoscope
Gas
Filled
Area
Uterus
Fallopian
Tube
Ovary

Случај:

- Лапароскопска миомектомија

Пациентка на 31 год. возраст со миом на фундус . P-1, Ab.-0 , S.C.-0.









Случај:

Пациентка на 32 год. возраст,

Dg. Virgo intacta. Polymyomata uteri.

Ту маркери: Ca 125=65, Ca15-3=37,Ca19 -9=0.6.

UZ: Uterus vo RVFL so d-110mm-90mm

Се направи миомектомија-лапаратомија





- Случаеви :

  Миомектомија –лапаратомија

  - Пациентка на 32 год. возраст,со интрамурален миом на фундус утери и заден зид со д-10cm x8 cm.

  -Пациентка на 36 год. возраст , со интрамурален миом  со д- 15 cm x12 cm.





- -Laparoscopically Assisted Vaginal Hysterectomy (LAVH)

  Претставува лапароскопско одвојување на утерусот со или без аднекситe со примена на лапароскопски инструменти и утерин водич пласиран вагинално. Одвоените органи се отстрануваат преку вагината.

# Водич за утерус при LAVH



# Водич за утерс при LAVH






Хистероскопијата претставува неинвазивна дијагностичка и хируршка процедура  која се изведува  со  примена на течност – раствор манитол или глицин за дистензија на утериниот кавитет и хистероскоп-инструмент (ендоскоп) кој содржи камера која поради можноста за зголемување на сликата многу подетално  ја прикажува градбата на органите (вагината, цервиксот и утериниот кавитет). Овозможува утврдување на некои причини за абнормални  утерини крвавења , инфертилитетот , абортуси , предвремените породувања. Со хистероскопот јасно се прикажува утериниот кавитет, неговата големина, форма, остиуммите на тубите како и самиот ендометриум. Хистероскопијата овозможува истевремено дијагностицирање и отстранување на утерин и цервикален плип , субмукозен миом, земање биоптичен материјал , синехиолиза , ресекција на септум ,ендометријална аблација  и слично,  со примена на ресектоскоп кој е посебен хистероскоп наменет за ресекција  и отстранување на интраутерините патохистолошки формации .


Hysteroscopy
Vagina
Hysteroscope
Uterus
Cervix
Speculum

# Ендометријален полип-хистероскопска полипектомија



- Случај:

  Dg. Cystis ovarii lat. sin

  Пациентка на 22 год. возраст

  - P/,  Ab-/, S.C.-/

  -UZ наод: Присутна циста на лев овариум со д-115mm x100mm ,исполнета со бистра содржина. Присутни мали пролиферации – папиломатозни кон внатрешноста.

  - Направена цистектомија-лапаратомија, добиениот материјал испратен за ХПА

# Cystis ovarii lat. sin.



